**20091312550**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 43 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.09.2009 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со оваа одлука се основа Совет за безбедност и здравје при работа (во натамошниот текст: Совет), како експертско и советодавно тело на Владата на Република Македонија.

Член 2

Со Советот ќе раководи претседател на Советот, кој ќе се бира на првата конститутивна седница на Советот.

Советот го сочинуваат 15 членови од кои:

- четири члена од репрезентативните организации на работодавачите;
- четири члена од репрезентативните синдикати;
- три члена именувани од Владата на Република Македонија;
- еден член претставник на Факултетот кој спроведува образовна дејност на полето за безбедност при работа;
- еден член претставник на Факултетот кој спроведува образовна дејност на полето на медицина на трудот;
- еден член претставник на здружението на стручните лица за безбедност при работа и
- еден член претставник на здружението на експерти на медицина на трудот.

Член 3

Советот ја информира Владата на Република Македонија за својата работа најмалку еднаш годишно, а по потреба и на пократок временски период.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4575/1
30 септември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.